УП1 14-1111
04-07-2019

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА

| Примено | 30.08.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 - 1078/15 | | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 211 ставови 1 и 3 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Маркетинг, Менаџмент, Меѓународен бизнис и Бизнис информатика на Економски факултет во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски“ од Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Маркетинг, Менаџмент, Меѓународен бизнис и Бизнис информатика на Економски факултет во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски“ од Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола се обрати со барање бр. 08-750/2 од 21.05.2019 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1111 од 28.05.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Маркетинг, Менаџмент, Меѓународен бизнис и Бизнис информатика на Економски факултет во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски“ од Битола, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација 1409-476/4 од 14.05..2019 година, 1409-476/5 од 14.05.2019 година, 1409-476/6 од 14.05.2019 година и 1409-476/7 од 14.05.2019 година

издадени од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1111 од 12.06.2019 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 12.06.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1111 од 13.06.2019 година, каде е наведено дека за студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Маркетинг, Менаџмент, Меѓународен бизнис и Бизнис информатика на Економски факултет во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски“ од Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR

Dr. Arbër Ademi

ДОСТАВЕНО И ДО:

- Архива

Подготвил: м-р Викторија Динковска
Контролирал: Снежана Лузевска
Одобрил: Dr. Agim Rushiti